/1

Врз основа на член 65 став 6 од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 89/22 и 171/22), Градоначалникот на Општина Ресен , на ден 06.08.2024 година, донесе

**Одлука за неспроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН СО НАМЕНА Е1.13 – ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЦЕНТРАЛИ (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) со моќност до 1 MW на КП 2281, дел од КП 2282 и дел од КП 2283 КО Ресен вон град, м.в. „ Корунови Ливади“, Општина Ресен. Кој се носи согласно чл.58, ст.(6) од Законот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РСМ “ бр.32/20 и 111/23) , не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Ресен, www.resen.gov.mk.

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став ( 4 ) од Законот за животната средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН СО НАМЕНА Е1.13 – ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЦЕНТРАЛИ (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) со моќност до 1 MW на КП 2281, дел од КП 2282 и дел од КП 2283 КО Ресен вон град, м.в. „ Корунови Ливади“, Општина Ресен, нема влијание врз животната средина од следните причини: изградбата на соларни и фотоволтаични електрани од аспект на животната средина не придонесува за загадување, уништување или на друг начин деградирање на истата или на екосистемите во предметниот простор на урбанизација. Напротив, со инсталирањето на овој тип извор на електрична енергија на индиректен начин се придонесува за помала емисија на $CO_2$, од причини што се заменуваат конвеционални начини на производство на елек.енергија како што се термоелектраните . Согласно чл.54, ст.(4) од Законот за урбанистичко планирање, предметното земјиште кое со оваа проектно планска документација се урбанизира го задржува статусот на земјоделско земјиште, градежните активности за изведба на ваков тип на градби не вклучуваат поголеми градежи зафати туку мали интервенции за поставување на монтажно, демонтажни конструктивни елементи.

Инвеститорот во подоцнежните фази од постапката се задолжува со изработка на Елаборат за животна средина, за чие одобрување на истиот е надлежен органот за вршење на стручни работи од областа на животна средина.

4. Против оваа одлука, јавноста има право на жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр. 09-1586/1
06.08.2024 година

Место, Ресен

**Градоначалник на општина Ресен**

**Јован Тозиевски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
РЕСЕН